# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 33** **10 февруари 2020, понеделник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ВТОРОСТЕПЕНА ВОЕНО-ЛЕКАРСКА КОМИСИЈА

1. Со ова решение се формира Второстепена воено-лекарска комисија (во натамошниот текст: Комисијата), за одлучување по жалба против наодот, оценката и мислењето на военолекарската комисија за утврдување на посебната здравствена способност за служба во Армијата на военият и цивилниот персонал на служба во Армијата.

2. При формирањето на Комисијата од точката 1 од ова решение, се води сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

3. Комисијата од точката 1 од ова решение, се формира во следниот состав:

1. Стојан Бајрактаров, претседател на Комисијата,
2. Бојан Бошковски, заменик на претседателот,
3. Башким Османи, член,
4. Снежана Лазарова, заменик-член,
5. Маја Киријас, член,
6. Алан Андоновски, заменик-член,
7. Магдалена Манојловска, член,
8. Ѓорги Трајковски, заменик-член,
9. Ирена Рамбабова-Бушлетиќ, член,
10. Камка Пакетчиева, заменик-член,
11. Сеад Зејнел, член,
12. Урим Исахи, заменик-член,
13. Кристијан Дума, член и
14. Саша Јовановска Мисовска, заменик-член.

4. Претседателот на Комисијата, членовите и нивните заменици од точката 2 од ова решение, се избираат за период од четири години.

5. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-901/1
28 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.